# МАКЕДОНИЈА ГО РАЗВИВА СИСТЕМОТ НА КВАЛИФИКАЦИИ

## (информации за адаптирање на македонските квалификации според новите барања)



Постојаниот цивилизациски развој во сите земји ја зголемува потребата од високо квалификуван персонал. Ова е поврзано со економијата, но и со сите сфери на општествениот живот. Како резултат, се зголемува улогата на квалификациите како компонента на функционално општество.

Затоа последните неколку години квалификациите се предмет на инстерес и активна ЕУ политика и многу земји превземаат нов пристап кон квалификациите, Во 2008, Европската унија ја воспостави Европската рамка на квалификации (ЕРК) која е основна точка на референцирање/ поврзување на националните рамки на квалификации во Европа.

Во Македонија подготовките за подобрување на системот на квалификации тече веќе неколку години. Во 2013 беше усвоен Законот за НРК. Тој ги дефинирање следните чекори и пристап во функционирањето на националниот систем на квалификации. Функционирањето на системот на квалификации ги засега сите.

Поради тоа, новите правила на функционирањето на системот на квалификации ќе зависат многу од тоа како јавноста ќе го прифати и разбере системот на квалификации.

> Имплементацијата на новиот систем на квалифкации, на подолг рок има големо влијание врз севкупниот развој на земјата.

Има неколку групи на постоечки квалификации во земјата:

- Квалификации доделени во системот на образование

На пример:

- Општо образование, пр. диплома / матура
- Средно стручно образование, пр 3 годишно, 4 годишно.
- пост-средно образование, на пр. квалификации од специјалистичкото образование.
- Високо образование, дипломиран, мастер.

- Квалификации доделени надвор од образовниот систем

Примери:

- во системот на занаетчиство на пр. мајстор (во областа).
- Од Центарот за образование на возрасни, на пр. сертификат за везење, плетење итн.
- врз основа на правни регулативи пр. лиценца за приватен пилот (Акт за авијација)
- од приватни домашни тела, пр. сертификат за кариерен советник,
- меѓународни компании и сертификати на пр. ECDL, Oracle.

Овој приказ покажува колку различни групи на квалификации може да постојат во системот на квалификации.

По усвојување на Законот за НРК (2013) во оваа земја потребни се активности за адаптирање на нашите квалификации според барањата на ЕРК и НРК. Оваа задача ќе се одвива во следните неколку години. Првите чекори веќе се направија. На пр. во соработката со странските експерти, група од македонски специјалисти во областа фризерство и од областа на стручното образование и обука ја адаптираа квалификацијата „мајстор фризер“. Овој процес беше иницииран од Комората на занаетчии во Скопје. Вакви иницијативи треба да превземат и други здруженија и организации. Македонија, како и сите други земји, има сопствена традиција во полето на квалификации која треба да се почитува кога се адаптирата и развиваат квалификациите. Поради тоа процесот на прилагодување на постоечките квалификации на ЕРК и НРК не смее да ја запостави вредноста наова „национално наследство“. Сепак, меѓународната соработка и глобализација бараат заеднички пристап во системот на квалификации за да се подобри економијата и општествениот развој во целина.